Почитувани корисници, нашата цел е да ви понудиме високо квалитетни производи кои ги надминуваат вашите очекувања. Вашиот апарат е произведен во модерни капацитети и е внимателно тестиран за квалитет.

Пред да го користите апаратот, внимателно прочитајте го овој водич кој ги содржи основните информации за безбедна инсталација, одржување и употреба.

Упатствата за работа се однесуваат на неколку модели. Затоа, може да се појават разлики.

ПОГЛАВЈЕ 1: ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДОТ



1. Работна површина
2. Горна корпа со држачи
3. Горна прскалка
4. Долна корпа
5. Долна прскалка
6. Филтри
7. Таблица со технички податоци на производот
8. Контролна табла
9. Дозерка за детергент и средство за плакнење
10. Дозерка за сол
11. Шина за горната корпа
12. Горна корпа за прибор за јадење



Единица за турбо сушење:
Овој систем овозможува подобар ефект на сушење на садовите.



Прскалка на горниот ѕид:
Овозможува подобро миење на садовите во горната корпа.

ПОГЛАВЈЕ 1: ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Технички спецификации

Капацитет	14 комплети
Висина	850 mm
Висина (без работна површина)	820 mm
Ширина	598 mm
Длабочина	598 mm
Нето тежина	62 kg
Електрично напојување	220-240 V, 50 Hz
Вкупна потрошувачка на струја	1900 W
Потрошувачка на струја при загревање	1800 W
Потрошувачка на струја на пумпата	100 W
Потрошувачка на струја на одводната пумпа	30 W
Притисок на водата	0.03 MPa (0,3 бари)- 1 MPa (10 бари)
Струја	10 A

Усогласеност со стандардите и податоците од тестовите / Декларација за усогласеност на ЕУ

Овој производ ги исполнува побарувањата на применливите директиви на ЕУ со соодветните усогласени стандарди коишто ја обезбедуваат ознаката CE.

Посетете ја страницата **www.sharphomeappliances.com** за електронска копија од ова упатство за корисникот.

Рециклирање

• Во одредени компоненти и пакувања се користат рециклирачки материјали.
• Пластичните делови се означени со меѓународните кратенки: (>PE<, >PS< , >POM<, >PP<,)
• Картонските делови се изработени од рециклирана хартија и треба да се фрлаат во контејнери за собирање на отпадна хартија за рециклирање.
• Таквите материјали не се погодни за канти за отпадоци. Наместо тоа, треба да се достават до центрите за рециклирање.
• Контактирајте ги надлежните центри за да добиете информации за методите и местата на фрлање.

Безбедносни информации

Кога ќе ви ја испорачаат машината

• Ако видите некаква штета на пакувањето на машината, известете го вашиот продавач.
• Отпакувајте ги материјалите за пакување како што е наведено и фрлете ги во согласност со правилата.

Точки на кои треба да се обрне внимание за време на инсталацијата на машината

• Изберете соодветно, безбедно и рамно место за да ја инсталирате машината.
• Спроведете ги инсталацијата и поврзувањето на машината следејќи ги инструкциите.
• Ви препорачуваме машината да ја инсталира овластен монтажер и да ја сервисира само одобрен мајстор.
• Треба да се користат само оригинални резервни делови со машината.
• Пред инсталирањето, бидете сигурни дека машината е исклучена од струја.
• Проверете дали внатрешниот систем со електричен осигурувач е поврзан според прописите.
• Сите електрични поврзувања мора да одговараат на вредностите на таблицата со технички податоци на производот.
• Бидете сигурни дека машината не стои на кабелот за електрично напојување.
• Никогаш не користете продолжен кабел или повеќенаменски приклучоци за поврзување.
Приклучокот треба да биде лесно достапен по инсталацијата.
• По инсталацијата, првиот пат вклучете ја да работи на празно.

Во секојдневната употреба

• Оваа машина е за домашна употреба; не ја користете за никакви други цели.
Комерцијалната употреба на машината за миење садови ќе ја поништи гаранцијата.
• Не користете детергенти и средства за плакнење кои не се специјално дизајнирани за машини за миење садови. Неправилната употреба на таквите предмети може да ја поништи гаранцијата.
• Поради ризик од експлозија, во делот за миење на машината не ставајте никакви хемиски растворливи агенси како што се растворувачите.
• Проверете дали пластичните предмети се отпорни на топлина пред миењето.

• Овој апарат може да се користи од деца на возраст од 8 години па нагоре, како и од лица со намалени физички, сетилни или умствени способности или со недостаток на искуство и знаење, ако се под надзор или се обучени како да го користат апаратот на безбеден начин и ги разбираат вклучените ризици. Децата не смеат да си играат со апаратот. Чистењето и одржувањето не смеат да го прават деца без надзор.
• Не ставајте несоодветни и тешки предмети кои се над капацитетот на корпата внатре во машината. SHARP нема да биде одговорен за било каква штета на внатрешните делови.
• Вратата не смее да се отвора додека работи машината. Безбедносниот уред ќе осигура дека машината ќе запре ако се отвори.
• За да се избегнат несреќи, не ја оставајте вратата отворена.
• Ставајте ги ножевите и другите предмети со остри завршетоци во корпата за прибор за јадење со сечилата свртени надолу.
• Ако е оштетен кабелот за напојување, мора да биде заменет од страна на SHARP или нивниот овластен сервисер.
• Ако имате избрано „Да“ на опцијата за штедење на енергија, вратата ќе се отвори на крајот од програмата. Не ја затворајте вратата на сила за да се избегне оштетување на автоматскиот механизам на вратата во рок од 1 минута. Вратата мора да биде отворена 30 минути за ефикасно да се суши (кај моделите со систем за автоматско отворање на вратата).
Предупредување: Не стојте пред вратата откако ќе се огласи сигналот за автоматско отворање.

За безбедност на вашите деца

• По отстранувањето на пакувањето на машината, осигурете се дека материјалот за пакување е надвор од дофат на деца.
• Не им дозволувајте на децата да си играат со машината или да ја пуштаат.
• Држете ги децата подалеку од детергентите и средството за плакнење.
• Држете ги децата подалеку од машината додека е отворена, бидејќи може сè уште да има остатоци од средствата за чистење внатре во машината.
• Бидете сигурни дека старата машина нема да претставува никаква опасност за децата.
Познато е дека децата се имаат заклучувано во стари машини. За да се спречи таква ситуација, скршете ја бравата на вратата на машината и искинете ги електричните кабли.

Во случај на неисправност

• Секоја поправка изведена од лице кое не е овластен сервисер ќе ја поништи гаранцијата.
• Пред секоја поправка на машината, бидете сигурни дека машината е исклучена од електричната мрежа. Исклучете го осигурувачот или исклучете ја машината од струја. Не го влечете кабелот кога го исклучувате. Осигурајте се дека славината е затворена.

Препораки

• За заштеда на енергија и вода, отстранете ги закоравените остатоци од садовите пред да ги ставите во машината. Пуштете ја машината откако целосно сте ја наполниле.

• Користете ја програмата за претперење само кога е неопходно.

• Ставајте ги вдлабнатите предмети како што се чинии, чаши и тенџерија во машината така што ќе бидат свртени надолу.

• Не се препорачува да ја преоптоварувате машината или да ја полните поинаку од тоа што е наведено.

Предмети кои не се погодни за миење во машината за садови:

• Пепел од цигари, остатоци од свеќа, лакови, бои, хемиски супстанци, материјали од легура.

• Вилушки, лажици и ножеви со дрвени или коскени рачки, или пак рачки од слонова коска или такви обложени со седеф; залепени предмети, предмети извалкани со абразивни, кисели или базни хемикалии.

• Пластични предмети кои не се отпорни на топлина, садови обложени со бакар или калај.

• Алуминиумски и сребрени предмети (може да ја изгубат бојата, да избледат).

• Одредени деликатни типови на стакла, порцелани со декорации бидејќи тие избледуваат веднаш по првото миење; одредени предмети од кристал бидејќи ја губат прозирноста со текот на времето, прибор за јадење кој не е отпорен на топлина, чаши од оловен кристал, даски за сечење, предмети произведени со синтетички влакна.

• Впивачки предмети како сунѓери или кујнски крпи не се погодни за миење во машината за садови.

Предупредување: Во иднина гледајте да купувате комплети кои може да се користат во машината за миење садови.

ИНСТАЛИРАЊЕ НА МАШИНАТА

Позиционирање на машината

При одредувањето на местото за инсталација, изберете пристапно место за лесно ставање и вадење на садовите.

Не ја ставајте машината на место каде што постои можност за паѓање на собната температурата под 0°C.

Пред да ја позиционирате, извадете ја машината од пакувањето според предупредувањата на пакетот.

Позиционирајте ја машината во близина на славина или одвод. Треба да ја сместите машината имајќи предвид дека поврзувањата нема да можат да се изменуваат откако ќе ги направите.

Не ја фаќајте машината за вратата или таблата за да ја преместувате.

Гледајте да оставите доволно празен простор од сите страни на машината за да ја движите напред-назад за време на чистењето.

Осигурајте се дека цревата за довод и одвод на вода не се згмечени додека ја позиционирате машината. Исто така, осигурајте се дека машината не стои на електричниот кабел.

Прилагодете ги флексибилните ногарки на машината за да може да стои рамно и избалансирано.

Правилното позиционирање на машината ќе обезбеди непречено отворање и затворање на вратата.

Ако вратата од машината не се затвора добро, проверете дали машината е стабилна на подот; ако не е, прилагодете ги ногарките и обезбедете ја нејзината стабилна положба.

Поврзување на вода

Водоводната инсталација мора да биде погодна за монтирање на машина за миење садови. Исто така, ви препорачуваме да наместите филтер на доводот во вашиот имот, за да се избегне оштетување на машината поради загадување (песок, глина, 'рѓа итн.), што понекогаш може да влезат преку водоводната мрежа или водоводната инсталација, и да се спречат проблеми како пожолтување или формирање на наслаги по миењето.



Црево за довод на вода

Не го користете цревото за довод на вода од старата машина.

Наместо тоа, користете го новото кое е доставено со машината. Ако поврзете на машината ново или црево за довод на вода кое одамна не било искористено, кратко пуштите да протече вода низ него пред да го поврзете. Поврзете го цревото за довод на вода директно со славината за довод на вода. Притисокот од славината треба да изнесува минимум 0.03 Mpa и максимум 1 Mpa. Ако притисокот на водата е над 1 Mpa, измеѓу треба да се стави вентил за намалување на притисокот.

По поврзувањето, славината треба да се пушти до крај и да се провери дали тече од некаде. Поради безбедносни причини, ви препорачуваме да ја исклучите славината за довод на вода кога нема да се користи машината подолг временски период.





ЗАБЕЛЕШКА: Кај некои модели се користи Aquastop безбедносен систем за стопирање на водата. Со Aquastop, постои потенцијално опасен притисок. Не го сечете одводното црево за стопирање на водата на Aquastop.

Не дозволувајте да се превитка или изврти.

Црево за одвод на вода

Одводното црево може да се поврзе или директно во отворот за одвод или пак во одводното црево на мијалникот.

Со помош на специјална свиткана цевка (ако е достапна), водата може да се испушти директно во мијалникот со префрлување на свитканата цевка преку работ на мијалникот. Ова поврзување треба да биде помеѓу 50 и 110 см од подот.

Предупредување: Кога се користи одводно црево подолго од 4 метри, садовите може да останат валкани. Во таков случај, SHARP нема да сноси одговорност.





Електрично поврзување

Заземјениот приклучок на машината треба да биде поврзан со заземјен штекер снабден со соодветен напон и струја. Ако нема инсталирано заземјување, нека го спроведе квалификуван електричар. Во случај на употреба без инсталирано заземјување, нашата компанија нема да биде одговорна за било каква загуба која може да настане.

Моменталната вредност на внатрешниот осигурувач треба да биде од 10 до16 A.

Машината е прилагодена според 220-240 V. Ако напонот во вашиот дом е 110 V, измеѓу поврзете трансформатор од 110/220 V и 3000 W.

Машината не треба да се вклучува за време на позиционирањето.

Секогаш користете го обложениот приклучок кој е доставен со машината.

Работењето под низок напон ќе предизвика пад на квалитетот на миење.

Електричниот кабел на машината треба да биде заменет само од овластен сервисер или овластен електричар. Непочитувањето на ова правило може да доведе до несреќи.

ПОГЛАВЈЕ 3: ИНСТАЛИРАЊЕ НА МАШИНАТА

Поради безбедносни причини, ви препорачуваме да го исклучувате приклучокот од струја кога нема да се користи машината подолг временски период.

За да се избегнат струјни удари, не го исклучувајте приклучокот од струја кога ви се мокри рацете.

Кога ја исклучувате машината од електричната мрежа, секогаш влечете од кај приклучокот. Никогаш не го влечете самиот кабел.

Монтирање на машината под работна маса

Ако сакате да ја сместите машината под работна маса, проверете дали има доволно простор под работната маса и дали водоводната инсталација е соодветна за такво нешто.**1** Ако решите дека просторот под работната маса е соодветен за монтирање на машината, отстранете ја работната површина како што е прикажано на сликата. **2**



Предупредување:Површината под која ја поставувате машината кога ѝ ја отстранувате работната површина мора да биде стабилна за да се избегнат проблеми со рамнотежата.

За да ја отстраните работната површина, извадете ги завртките што ја држат работната површина, а кои се наоѓаат во задниот дел на машината; потоа, турнете ја предната плоча за 1 cm од предната страна кон задната и подигнете ја.

ПОГЛАВЈЕ 3: ИНСТАЛИРАЊЕ НА МАШИНАТА

Прилагодете ги ногарките на машината според косината на подот.**3** Сместете ја машината туркајќи ја под работната маса без да дозволите цревата да се згмечат или свиткаат.**4**



Производ			
	Без изолација	Со изолација	
	Сите производи	За 2-рата корпа	За 3-тата корпа
Висина	820 mm	830 mm	835 mm

Предупредување: По отстранувањето на работната површина, машината треба да се стави на такво затворено место за кое димензиите се прикажани на сликата.

ПОГЛАВЈЕ 4: ПОЛНЕЊЕ НА МАШИНАТА ЗА МИЕЊЕ САДОВИ

ПОЛНЕЊЕ НА МАШИНАТА ЗА МИЕЊЕ САДОВИ

Правилно ставајте ги садовите во машината.

Има две посебни корпи за редење на садови во машината. Долната корпа е наменета за округли и длабоки предмети.

Горната корпа е за тенки и тесни предмети. Се препорачува да ја користите решетката за прибор за јадење за да добиете најдобри резултати.

За да избегнете можни повреди, ставајте ги долгите рачки и острите садови со сечилата свртени надолу или хоризонтално во корпите.

Предупредување: Ставајте ги садовите во машината така што нема да го спречат вртењето на горните и долните прскалки.



Држач за садови

Може да ставате чаши со различни големини под овие држачи благодарение на опцијата за прилагодување на висината. Може да користите држачи со 2 различни висини.



Држачи на преклопување

Држачите на преклопување во горната корпа се дизајнирани за да ви овозможат полесно да ставате големи предмети како што се тенџерија, тави и сл. Ако е потребно, секој дел може да се преклопи одделно, или пак сите може да се преклопат и така да се добие поголем простор. За да ги прилагодите држачите на преклопување, кренете ги нагоре или спуштете ги надолу.

Прилагодување на висината на горната корпа додека е полна

Механизмот за прилагодување на висината на корпата за горната корпа на машината е дизајниран за да ви овозможи да ја прилагодите висината на горната корпа нагоре или надолу, без да ја отстранувате од машината кога е полна, и за да се создаде голем простор во горниот или долниот дел на машината ако е потребно. Корпата на машината е поставена во горна положба во фабричките поставки. За да ја подигнете корпата, држете ја од двете страни и повлечете ја нагоре. За да ја спуштите, повторно држете ја од двете страни и оставете ја. Кај механизмот за прилагодување на полната корпа, осигурајте се дека двете страни се во иста положба. (горе или долу)







Долна корпа

Држачи на преклопување

Во долната корпа на машината, има четири држачи на преклопување кои се дизајнирани за да ви овозможат полесно да ставате големи предмети како што се тенџерија, тави, итн. Ако е потребно, секој дел може да се преклопи одделно, или пак сите може да се преклопат и така да се добие поголем простор. За да ги прилагодите, кренете ги нагоре или спуштете ги надолу.





ПОГЛАВЈЕ 4: ПОЛНЕЊЕ НА МАШИНАТА ЗА МИЕЊЕ САДОВИ

Горна корпа за прибор за јадење
Горната корпа за прибор за јадење е дизајнирана за да ставате вилушки, лажици и ножеви, долги црпалки и мали предмети.



Бидејќи лесно може да се извади од машината, овозможува садовите да се извадат од машината заедно со корпата по миењето.



Горната корпа за прибор за јадење е составена од два дела; ако треба да направите простор за садовите во горната корпа, може да го извадите левиот или десниот дел од горната корпа за прибор за јадење за да се добие поголем простор.

Предупредување: Ножевите и другите остри предмети мора да се ставаат хоризнтално во корпата за прибор за јадење.

Алтернативно полнење на корпите
Долна корпа



Горна корпа



Неправилно полнење









Важна забелешка за лабораториите за тестирање
За подетални информации околу тестовите за ефикасност, пишете на следнава адреса: „dishwasher@standardtest.info“. Во пораката наведете ги името на моделот и серискиот број (20 цифри) кои може да ги најдете на вратата на апаратот.

ПОГЛАВЈЕ 5: ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ

Елементи на програмите

Број на програмата					
Име на програмата	Претперење	* *Миење со млаз вода 14’	Брза 30’	Еко **	Супер 50’ .
Температура на миење	-	35° C	40° C	50° C	65° C
Вид на парчиња од храна	Свежи, помалку валкани, кафе, млеко, чај	Помалку валкани, кафе, млеко, чај, кои не стоеле долго	Свежи кафе, млеко, чај, ладно месо, зеленчуци	Свежи кафе, млеко, чај, ладно месо, зеленчуци	Останата супа, сосови, печива, јајца, ориз, компири и оброци печени во рерна, пржена храна
Степен на валканост	мала	мала	мала	средна	средна
Количество на детергент Б: 25 cm^3 / 15 cm^3 А: 5 cm^3	-	**А	Б	А+Б	А+Б
	Претперење	Миење на 35°C	Миење на 40°C	Миење на 50°C	Миење на 65°C
	Крај	Плакнење со топла вода	Плакнење со ладна вода	Плакнење со ладна вода	Плакнење со млака вода
		Крај	Плакнење со топла вода	Плакнење со топла вода	Плакнење со топла вода
			Крај	Суво	Крај
				Крај	
Време на програмата (минути)	15	14	30	207	50
Потрошувачка на енергија (kW час)	0,02	0,57	0,74	0,66	1,29
Потрошувачка на вода (литри)	4,2	7,7	10,9	9,0	10,7

Двојно миење: Деликатните садови во горната корпа се мијат на понизок притисок, а садовите што се многу валкани од долната корпа се мијат на повисок притисок со помош на мотор со променлива брзина. Затоа, можете да миете и деликатни/помалку валкани садови и многу валкани садови истовремено.
*Мора да се извршат тестови во врска со режимот за исклучување и режимот за оставање во согласност со стандардот EN 62301, со помош на нивото на осветленост на еко режимот.
14-минутната програма за миење со млаз вода може да се користи за помалку валкани садови кои не стоеле долго. Погодна е за садови од четири лица. Миење со млаз вода 14 мин. Треба да се користи само детергент во прашок

ПОГЛАВЈЕ 5: ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ

Елементи на програмите

Број на програмата					
Име на програмата	Еко 5.4 л.	Двојно миење 65° C	Авто 30° C - 50° C	Авто 50° C - 60° C	Миење со пареа 65° C
Температура на миење	60° C	65° C	30-50° C	50-60° C	65° C
Вид на парчиња од храна	Свежи кафе, млеко, чај, ладно месо, зеленчуци	Супи, сосови, тестенини, јајца, пилав, компири и јадења од рерна, пржена храна, кои стоеле долго	Автоматски прилагодете го времето на миење со температурата и количеството на вода преку одредување на степенот на валканост на садовите		
Степен на валканост	средна	висока	мала	висока	висока
Количество на детергент Б: 25 cm^3 / 15 cm^3 А: 5 cm^3	А+Б	А+Б	Б	А+Б	А+Б
	Миење на 60°C	Миење на 40°C	Чекорите на миење се одредуваат автоматски според степенот на валканост.		
	Плакнење со ладна вода	Миење на 65°C			
	Плакнење со топла вода	Миење на 45°C			
	Суво	Плакнење со топла вода			
	Крај	Суво			
		Крај			
Време на програмата (минути)	177	113	79-91	102-122	161
Потрошувачка на енергија (kW час)	0,94	1,43	0,82	1,18	1,30
Потрошувачка на вода (литри)	5,4	15,4	10,6-17,7	10,9-18,5	20,3

**Опцијата за заштеда на енергија е ВКЛУЧЕНА за програмата Еко 50 С.

Предупредување: Нема чекор на сушење во програмите Миење со млаз вода 14 мин., Брза 30 мин. и Супер 50 мин. . Горенаведените вредности се тестирани во согласност со соодветните стандарди во лабораториски услови. Овие вредности може да варираат во зависност од условите на средината (напон на напојувањето, притисок на водата, температура на доводот на вода и амбиентална температура).
За да можат да ги достигнат наведените вредности за потрошувачка на енергија и вода, програмите Еко 5,4 и Еко 50 С мора да се извршат без никакви дополнителни опции, а опцијата за заштеда на енергија мора да биде вклучена.

ПОГЛАВЈЕ 6: ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И ИЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМА

Избор на програма и пуштање на машината







1- Вклучено/Исклучено
2- Рачка на вратата
3- Копче за потврда
4- Копче за опции
5- Копче за одложување
6- Копче за старт/пауза
7- Копче за избор нагоре
8- Копче за избор надолу
9- Индикатор за дополнителна хигиена
10- Индикатор за таблета
11- Индикатор за половично полнење
12- Индикатор за екстра брзо
13- Индикатор за екстра тивко
14- Индикатор за дополнително сушење
15- Индикатор за предупредување за нивото на сол
16- Индикатор за предупредување за нивото на средството за плакнење
17- Индикатор за заштита на деца
18- Индикатор за одложување
19- Индикатор за преостанато време/време на одложување
20- Индикатор за број на програма
21- Лента за информации на екранот
22- Индикатори за напредокот на циклусот на миење
а- Симбол за циклус на миење
б- Симбол за циклус на плакнење
в- Симбол за циклус на сушење
г- Симбол за крај на циклусот

ПОГЛАВЈЕ 6: ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И ИЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМА

КОПЧИЊА
Копче за вклучување/исклучување (1)
Кога ќе го притиснете копчето за вклучување/исклучување, машината се пушта, а екранот ја покажува последната користена програма; во позицијата исклучено, LED диодите на екранот се исклучени.

Рачка на вратата (2)
Користете ја рачката на вратата за да ја отворате и затворате вратата од машината.

Копче за потврда (3)
Ги потврдува (зачувува) дополнителните функции и поставки.

Копче за опции (4)
Ви овозможува да ги користите функциите во менито за дополнителни функции.(9-10-11-12-13-14)

Копче за одложување (5)
Го одложува времето на почнување на програмата што сте ја избрале (1-24 часа). Можете да го видите времето на одложување во индикаторот за преостанато време/време на одложување (19). Кога ќе се притисне копчето за одложување, индикаторот за одложување (18) се гледа на екранот.

Копче за старт/пауза (6)
Кога ќе го притиснете копчето за старт/мирување, започнува избраната програмата, а симболот за миење (а) се појавува на екранот. Може да ги следите фазите на миење на екранот. (22-а-б-в-г)

Копчиња за нагоре/надолу (7) (8)
Ви овозможува да пребарувате во менијата за програми, дополнителни функции, одложување и поставки.

Дополнителни функции
Функција за дополнителна хигиена (9)
Можете да ја изберете оваа функција за да добиете дополнителна хигиена и почист процес на миење преку менување на температурата на водата и времето на миење на програмата што сте ја избрале.

Функција за детергент во таблета (10)
Користете ја функцијата за детергент во таблета при користење на сол, средство за плакнење и комбиниран детергент со дополнителни својства.

Функција за половично полнење (11)
Може да се извршат три типови на миење со користење на функцијата за половично полнење: како на пример, во долната корпа, горната корпа и двете корпи.

Ако имате мала количина на садови во машината и ако мора да ги измиете, може, исто така, да ја активирате функцијата за половично полнење за некои програми. Ако имате садови во двете корпи, изберете ја функцијата за половично полнење и изберете ја позицијата во која двете слики се осветлени.

Ако имате садови само во горната корпа, изберете ја позицијата во која горната слика е осветлена.
Така, миењето ќе се изврши само во горната корпа на машината.

Ако имате садови само во долната корпа, изберете ја позицијата во која долната слика е осветлена. Така, миењето ќе се изврши само во долната корпа на машината. Кога ја користите оваа функција, осигурајте се дека нема садови во горната корпа.

Функција за екстра брзо (12)
Ги мие садовите со поголем притисок, со што се скратува времето на избраната програма и се обезбедува поекономично користење на водата.

Функција за екстра тивко (13)
Ги мие садовите со помал притисок, со што се обезбедува почувствително и тивко миење.

Функција за дополнително сушење (14)
Со функцијата за дополнително сушење, може да додадете дополнителни чекори на сушење на вашата програма и на тој начин да добиете посуви садови.

Индикатори за предупредување
Индикатор за предупредување за нивото на сол (15)
За да сфатите дали солта во машината е доволна или не, проверете го екранот за предупредување за нивото на сол. Ако овој екран е осветлен, наполнете ја преградата за сол.

Индикатор за предупредување за нивото на средството за плакнење (16)
За да сфатите дали средството за плакнење во машината е доволно или не, проверете го екранот за предупредување за нивото на средството за плакнење. Ако овој екран е осветлен, наполнете ја преградата за средство за плакнење.

ПОГЛАВЈЕ 6: ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И ИЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМА

Избор на програма и пуштање на машината
1- Притиснете го копчето за вклучување/исклучување.

Внимавајте: Изберете ја програмата за миење која е соодветна за вашите садови со помош на страницата за елементи на програмите во упатството за корисникот.

2- Може да ја изберете програмата за миење користејќи ги копчињата за избор нагоре/надолу (7,8).

Внимавајте: Може да го следите времето на програмата во индикаторот за време. (19)

3- Ако е потребно, може да изберете дополнителни функции со користење на копчето за опции (4).(9-10-11-12-13-14)

4- Може да ја стартувате програмата со притискање на копчето за старт/пауза. **„Програмата е активирана“** ќе се појави на екранот, а избраната програма ќе започне.

Кога ќе почне програмата, може да го видите името на избраната програма во лентата за информации на екранот (21), преостанатото време на миење во индикаторот за преостанато време (19) и програмскиот број на избраната програма во индикаторот за број на програма (20).



Внимавајте: Обидете се да не ја отворате вратата од машината додека работи; ако навистина морате да го направите тоа, стопирајте ја програмата со притискање на копчето за старт/пауза.
„Програмата е паузирана“ ќе се појави на екранот. Штом ќе го видите овој текст, може да ја отворите вратата. Може да излезе пареа кога ќе ја отворите вратата – бидете внимателни.
Програмата може да продолжи откако ќе ја затворите вратата и повторно ќе го притиснете копчето за старт/пауза. Кога ќе притиснете на копчето за старт/пауза, „Програмата е активирана“ ќе се појави на екранот.

Следење на програмата

Може да го следите напредокот со помош на симболите за следење на програмата на екранот.(22 - а,б,в,г).

Како што продолжува миењето, симболите за миење и сушење ќе се осветлат соодветно. Кога симболот за сушење е вклучен, машината ќе остане тивка околу 40-50 минути.

Не ја отворајте вратата пред да се вклучи сијаличката на индикаторот за завршување. Кога ќе заврши програмата, сијаличката на индикаторот за завршување се осветлува.

Кога ќе започне програмата која сте ја избрале, може да го видите предвиденото преостанато време во индикаторот за време.

ВНИМАВАЈТЕ: Неколку минути откако ќе заврши програмата, а ламбата за завршување ќе се осветли, може малку да ја отворите вратата и да ја оставите подотворена за процесот на сушење да биде побрз.

ВНИМАВАЈТЕ: Ако вратата од машината е отворена или се јавува прекин на струјата за време на миењето, машината ќе продолжи онаму каде што застанала откако ќе се затвори вратата или откако ќе се врати струјата.

ВНИМАВАЈТЕ: Ако дојде до прекин на струјата или ако вратата е отворена за време на сушењето, програмата ќе заврши. Машината ќе биде подготвена за избирање на нова програма.

ВНИМАВАЈТЕ: Вашата машина го извршува процесот на омекнување на водата во согласност со тврдоста на водата од водоводот. Поради ова, при некои миења, преостанатото време кон крајот може да биде различно од она што е посочено на почетокот. Вкупното време на програмата, исто така, зависи и од собната температура, температурата на водата од доводот и количината на садови.

ПОГЛАВЈЕ 6: ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И ИЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМА

Додавање дополнителни функции на програмата

Можете да ја промените програмата во зависност од тоа што претпочитате со додавање дополнителни функции на програмата за миење. Програмите за миење се дизајнирани така што да овозможат најдобро чистење земајќи го предвид видот на валканост, количеството на валканост и својствата на материјалите за миење. Дополнителните функции се создадени за да се заштеди време, вода и електрична енергија и на тој начин да се овозможи попрактично миење на садовите. На пример, ако сметате дека садовите ви се малку валкани, може да ја изберете брзата функција (12) и да го направите процесот на миење поекономичен во поглед на времето и водата.

Ако планирате да користите повеќенаменски детергент, ќе добиете подобри резултати со избирање на функцијата за детергент во таблета (10). Ако живеете на место каде што е поефтино струјата да се користи ноќе, може да ја изберете тивката функција (13) и да ги миете садовите поекономично и потивко; оваа функција е создадена, исто така, за почувствителн процес на миење.

Дополнителните функции не се погодни за секоја програма; може да ги најдете подолу погодните функции за програмите. За програмите кои не се погодни за функции, ќе видите дека индикаторот за функцијата не е осветлен.

ПРОГРАМИ	**ОПЦИИ**							
	Одложен старт	Половично полнење (3 режими)	Таблета	Заштита на деца	Екстра брзо	Дополнителна хигиена	Екстра тивко	Дополнително сушење
Претперење	X	X	--	X	--	--	--	--
Миење со млаз вода 14’	X	X	--	X	--	--	--	-
Брза 30’	X	X	--	X	--	--	--	X
Еко	X	X	X	X	X	X	X	X
Двојно миење	X	X	X	X	X	X	X	X
Супер 50‘	X	X	X	X	--	X	--	X
Еко 5,4 л.	X	X	X	X	X	X	X	X
Миење со пареа 65°C	X	X	X	X	--	X	--	X
Авто-нормална 50-60°C	X	X	X	X	--	X	--	X
Авто-деликатна 30-50°C	X	X	X	X	--	X	--	X

Функцијата „-“ не може да се избере; функцијата „x“ може да се избере.
**** Програмите се наведени општо и може да се разликуваат помеѓу моделите.**

ПОГЛАВЈЕ 6: ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И ИЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМА

За да додадете дополнителни функции на програмата;
1- Изберете ја соодветната програма за миење на вашите садови користејќи ги копчињата за нагоре/надолу (7, 8) откако ќе го притиснете копчето за опции.

2- Влезето во менито за дополнителни функции (4) со притискање на копчето за опции. Откако ќе ја изберете дополнителната функција користејќи ги копчињата за нагоре/надолу (7, 8), осветлете ги индикаторите за дополнителни функции (9-10-11-12-13-14) со притискање на копчето за потврда.

3- Може да ја стартувате програмата со притискање на копчето за старт/мирување. „Програмата е активирана“ ќе се појави на екранот.

Некои функции не можат да бидат избрани истовремено; погледнете ја шемата подолу

Опции	Одложен старт	Половично полнење (3 режими)	Таблета	Заштита на деца	Екстра брзо	Дополнителна хигиена	Екстра тивко	Дополнително сушење
Одложен старт		ОК	ОК	ОК	ОК	ОК	ОК	ОК
Половично полнење (3 режими)	ОК		ОК	ОК	ОК	ОК	ОК	ОК
Таблета	ОК	ОК		ОК	ОК	ОК	ОК	ОК
Заштита на деца	ОК	ОК	ОК		ОК	ОК	ОК	ОК
Екстра брзо	ОК	ОК	ОК	ОК		-	-	ОК
Дополнителна хигиена	ОК	ОК	ОК	ОК	ОК		-	-
Екстра тивко	ОК	ОК	ОК	ОК	ОК	-		ОК
Дополнително сушење	ОК	ОК	ОК	ОК	ОК	--	ОК	

Менување на програмата
Ако сакате да промените програма за миење откако истата е започната;
1- Паузирајте ја програмата со притискање на копчето за старт/пауза (6). „Програмата е паузирана“ ќе се појави на екранот.
2- Изберете ја посакуваната програма со притискање на копчињата за избор (7, 8).
3- Може да ја стартувате програмата со повторно притискање на копчето за старт/пауза. „Програмата е активирана“ ќе се појави на екранот.

Забелешка: Новата програма започнува од чекорот каде што застанала претходната програма. Забелешка: Ако сакате новата програма да почне од почеток, мора првин да ја откажете претходната програма, па потоа да изберете нова.

Откажување на програмата

1- Држете го копчето за старт/пауза (6) во рок од 3 секунди за да откажете програма.
2- На екранот ќе се прикаже израз („Откажување на програмата ..X“) за да ве извести уште колку секунди ќе мора да го држите копчето. 1 минута откако ќе го направите ова, ќе се појави „Програмата е завршена“.

3- По ова предупредување, може да изберете дополнителна функција или поставка за време. Внимавајте: Во зависност од чекорот каде што застанала откажаната програма, може да има остатоци од детергент во машината или на садовите.

ПОГЛАВЈЕ 6: ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И ИЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМА

Мени со поставки
За да влезете во менито со поставки, држете ги копчињата за опции и одложување во рок од 3 секунди. На екранот ќе се прикаже („Продолжете да притискате на ..X“) за да ве извести уште колку секунди ќе мора да го држите копчето. Кога оваа бројка ќе достигне нула, ќе ги видите поставките на менито на екранот. Може да се движите низ менито со користење на копчињата за избор. За да излезете од менито, може да ги држите копчињата за опции и одложување во рок од 3 секунди како што направивте при влегување во менито или може да го изберете седмиот ред во менито со копчето за потврда.

Содржината на менито е следнава:

1. Јазик
2. Тврдост на водата
3. Јачина на звук
4. Осветленост
5. Еко режим
6. Фабрички поставки
7. Заштеда на енергија
8. Излез од мени ↙

1- Поставки за јазик
Откако ќе влезете во поставките на менито, користете ги копчињата за избор нагоре/надолу за да го изберете јазикот. Ќе го видите следниов екран: (1. Јазик: X) во кој „X“ е тековниот јазик. После тоа, притиснете го копчето за потврда за да го активирате изборот на јазик и откако ќе го изберете новиот јазик, зачувајте го со повторно притискање на копчето за потврда.

Достапни јазици што можете да ги изберете:

Англиски	Грчки	Холандски	Полски
Турски	Хрватски	Шведски	Чешки
Француски	Руски	Дански	Словенечки
Германски	Фински	Шпански	Унгарски
Италијански	Норвешки	Португалски	

2- Поставка за тврдост на водата
Може да го најдете ова во делот каде е објаснета поставката за омекнување на водата.(страница 15)

3- Ниво на јачина на звукот

Овде може да го прилагодите нивото на звучните аларми за вашата машина. Откако ќе влезете во менито, изберете „3- Јачина на звук “ користејќи ги копчињата за избор. Тука ќе видите „Јачина на звук:“ (X: L1,L2,L3). L1 е најниското, а L3 е највисокото ниво на јачина на звукот. Откако ќе го притиснете копчето за потврда, активирајте „X“, изберете го посакуваното ниво на бучава и зачувајте го изборот со притискање на копчето за потврда уште еднаш.

4- Ниво на осветленост
Овде може да го прилагодите нивото на осветленост на екранот за вашата машина. Откако ќе влезете во менито, изберете „4- Осветленост“ користејќи ги копчињата за избор. Тука ќе видите „осветленост : X“ (X:L1,L2,L3). L1 е најниското, а L3 е највисокото ниво на осветленост. Изберете го посакуваното ниво на осветленост и зачувајте го изборот со притискање на Откако ќе го притиснете копчето за потврда, активирајте ги „X“ и копчето за потврда уште еднаш.

5- Еко режим
Овој режим заштедува енергија со минимизирање на нивото на осветленост на екранот по 30 секунди на неработење. Откако ќе влезете во менито, изберете „5- Еко режим“ користејќи ги копчињата за избор. Тука ќе видите „Еко режим: X“ (X: ДА или НЕ). Откако ќе го притиснете копчето за потврда, активирајте „X“; може да ја користите машината со вклучен или исклучен еко режим.

6- Фабрички поставки
За да ги отфрлите сите поставки што сте ги направиле и да ги вратите фабричките поставки, изберете „6- Фабрички поставки“ користејќи ги копчињата за избор. Тука ќе видите „6. Фабрички поставки: X“ (X: да или не). Откако ќе го притиснете копчето за потврда, активирајте „ X “; може да го зачувате изборот со избирање на изразот „Да“ или „Не“ и со повторно притискање на копчето за потврда. Кога ќе ги вратите фабричките поставки, машината ќе се врати на следниве поставки:

1- Јазик	: Англиски
2- Поставка за тврдост на водата	: L3
3- Јачина на звук	: L2
4- Осветленост	: L2
5 -Еко режим	: Не
7 -Заштеда на енергија	: Да

7 - Заштеда на енергија:
Опцијата за заштеда на енергија активира систем за отворање на вратата на крајот на програмата. Автоматскиот систем за отворање на вратата го обезбедува потребниот ефект на сушење при ниски температури на плакнење и ја намалува потрошувачката на енергија.

ПОГЛАВЈЕ 6: ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И ИЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМА

Заштита на деца:
Можете да спречите другите да ги менуваат вашите поставки додека машината е во функција. По започнувањето на програмата, истовремено притиснете ги копчето за избор нагоре (7) и копчето за избор надолу (8) во рок од 3 секунди. Овој екран ќе ве извести за тоа колку секунди треба да ги држите копчињата со „Продолжете да притискате на..X“. Кога ова време ќе заврши, се активира заштитата на деца, „Заштитата на деца е ВКЛУЧЕНА“ се појавува на екранот, а индикаторот (17) се осветлува. Кога заштитата на деца е активна, сите копчиња се деактивирани.



За да ја откажете заштитата на деца, истовремено притиснете ги копчето за избор нагоре (7) и копчето за избор надолу (8) во рок од 3 секунди. Овој екран ќе ве извести колку секунди треба да ги држите копчињата со „Продолжете да притискате на..X“. Кога ова време ќе заврши, се откажува заштитата на деца, „Заштитата на деца е ИСКЛУЧЕНА“ се појавува на екранот, а индикаторот (17)



Одложен старт:(Одложување на аларм)
Може да го одложите времето на почнување на избраната програма најмногу до 24 часа. Не може да направите поставка за одложување откако ќе почне програмата. За да можете да направите поставка за одложување, избраната програма не треба да е во функција.
1- Притиснете го копчето за одложување **(5)**
2- Часот „00:00“ е прикажан на лентата за информации на екранот **(19)**, а симболот за одложување **(18)** почнува да трепка.
3- Може да го наместите времето на одложување со копчињата за избор **(7,8)** на посакуваното време. Копчето „ “ **(7)** го зголемува времето за 1 час, додека пак копчето „v“ **(8)** го намалува за 1 час.

Со притискање на копчето за старт/пауза, може да го започнете одбројувањето до времето на одложување. Симболот за одложување (18) постојано ќе биде осветлен за време на овој период. Индикаторите за преостанато време/време на одложување (19) го прикажуваат времето на одложување. Откако ќе заврши одбројувањето, избраната програма ќе започне. Екранот на индикаторот ќе почне да го покажува времето што преостанува сè до крајот на избраната програма.

Менување на програмата или функција на одложување:
Паузирајте ја машината со притискање на копчето за старт/пауза; одбројувањето ќе престане, а„програмата е паузирана“ и „Тајмерот за одложување е активен“ се појавуваат на екранот. Ако ги притиснете копчињата без да ја паузирате машината, ќе добиете предупредувања како што се „Тајмерот за одложување е активен“ или „неважечки“. Откако ќе го паузирате одложувањето на алармот, може да изберете програми и да додадете функции на програмата како што беше споменато во соодветните теми. Со притискање на копчето за старт/пауза уште еднаш, може да го започнете одбројувањето до времето на одложување.

Ако сакате да ја откажете или да направите нова поставка за време кога машината го одложува алармот;
Ако сакате да го презакажете времето на одложување, запрете го одбројувањето со притискање на копчето за старт/мирување. Притиснете го копчето за одложување за да влезете во менито за одложување; наместете го новото време на одложување со притискање на копчињата за избор. Започнете го одбројувањето со притискање на копчето за старт/мирување.

Ако сакате да ја откажете поставката за одложување, држете го копчето за старт/пауза во рок од 3 секунди. Екранот ќе ве извести колку секунди треба да го држите копчето со „Откажување на програмата .. X“. На овој начин, се откажува одбројувањето на одложувањето.

Предупредувачки пораки:
Вашата машина дава повратни информации додека работи;

Кога ќе го видите предупредувањето дадено погоре;
1- Осигурајте се дека нема прекин на водата
2- Осигурајте се дека хидрантот е отворен
3- Ако и двете се точни, повикајте квалификуван мајстор. Кога и да се појави грешка што не можете да ја поправите, ќе се прикаже предупредувањето дадено погоре. Кога ќе го видите, повикајте квалификуван мајстор.

Јавете се во сервисот

Кога машината ќе ви ги даде предупредувањата дадени погоре, кодовите за грешка се наведени по дефиницијата. Може да најдете слични информации во делот „КОДОВИ ЗА ДЕФЕКТ И ШТО ДА НАПРАВИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ДЕФЕКТ“ во упатството за корисникот.

ФРЛАЊЕ НА СТАРАТА МАШИНА

Овој симбол на производот или пакувањето значи дека производот не треба да се третира како домашен отпад. Наместо тоа, треба да се достави до депонија за рециклирање на електрична и електронска опрема. Ќе помогнете да се избегнат загадувањето на животната средина и ризиците кон јавното здравје. Рециклирањето на материјалите ќе помогне да се зачуваат природните ресурси. За подетални информации во врска со рециклирањето на овој производ, контактирајте ја локалната власт или продавницата во која сте го купиле производот.

Машината за миење садови содржи биоциден производ во ПП филтерот на коритото за отпадна течност за да се спречи размножувањето на бактериите.Активна супстанца: цинк пиритион (CAS број: 13463-41-7)

Register your product here
WWW.SHARPHOMEAPPLIANCES.COM,
by registering with Sharp you become part of our For Life promise to always be there for you and your appliance.

Service & Support

Visit our website:
www.sharphomeappliances.com

Or contact us:

%100 recycleable paper

SHARP

Home Appliances

Pranje posuđa

SR Korisničko uputstvo

Pranje posuđa

QW-GT45F444I-DE
QW-GT45F444W-DE

For Life

SADRŽAJ

POGLAVLJE 1: OPIS PROIZVODA
Tehničke specifikacije 5
Poštovanje standarda i podaci o testu 5
POGLAVLJE 2: BEZBEDNOSNE INFORMACIJE I PREPORUKE
Recikliranje 6
Bezbednosne informacije 6
Preporuke 8
Stvari koje ne odgovaraju pranju u mašini za posuđe 8
POGLAVLJE 3: INSTALIRANJE MAŠINE
Pozicioniranje mašine 9
Povezivanje sa vodom 9
Crevo za ulaz vode 10
Crevo za izlaz vode 10
Električno povezivanje 11
Postavljanje donjeg dela mašine 12
POGLAVLJE 4: PUNJENJE VAŠE MAŠINE ZA POSUĐE
